ШТИП
ASTIBO

**ОПШТИНА ШТИП**

MQS
СЕРТИФИКАТ
ISO 9001:2008

*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*УП1 Бр. 18/25-14*
*30.06.2025*
*Ш т и п*

Врз основа на член 49, а во врска со член 33 и член 50 од од Законот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ" бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25), градоначалникот на Општина Штип донесе:

**ОДЛУКА**
**ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ОПШТ ЈАВЕН ПОВИК ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА СТРУЧНА РАСПРАВА И ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА СО ЈАВНА РАСПРАВА И ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА И ЈАВНА АНКЕТА ЗА** ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УРБАН ЧЕТВРТ СЕ 05.02 ОД ГУП НА ГРАД ШТИП И ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УРБАН ЧЕТВРТ СЕ 05.02 ОД ГУП НА ГРАД ШТИП, ОПШТИНА ШТИП

Член 1

Со оваа одлука се организира СТРУЧНА РАСПРАВА И ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА СО ЈАВНА РАСПРАВА И ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА И ЈАВНА АНКЕТА за ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УРБАН ЧЕТВРТ СЕ 05.02 ОД ГУП НА ГРАД ШТИП И ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УРБАН ЧЕТВРТ СЕ 05.02 ОД ГУП НА ГРАД ШТИП, ОПШТИНА ШТИП, Нацрт План обединета постапка, изработена од СТУДИО АТРИУМ - ДОО Штип, со тех.бр. У-36/24 од мај 2025.

Член 2

Соопштението за организирање на **Стручна расправа и јавна презентација со јавна расправа** ќе биде објавено во јавните гласила, веб страната на Општина Штип и информацискиот систем е-урбанизам.
Соопштението за **Јавна презентација со јавна анкета** ќе биде објавено во јавните гласила, веб страната на Општина Штип, информацискиот систем е-урбанизам и се огласува со печатени плакати и соопштенија во и околу подрачјето на планскиот опфат.

Член 3

ЈАВНАТА ПРЕЗЕНТАЦИЈА ќе трае 30 дена од денот на објавувањето на Соопштението и тоа од 16 јули 2025 (среда) до 14 август 2025 год (четврток). ЈАВНАТА РАСПРАВА ќе се одржи на 15 август 2025 (вторник) во 13:00 часот во просториите на Сала 2 на општина Штип, додека СТРУЧНАТА РАСПРАВА ќе се одржи на 21 август (четврток) во 13:00 часот во просториите на Сала 2 на општина Штип.

*ОпштинаШтипул. „Васил Главинов" бр. 4Б, 2000 Штип, Република Северна Македонија*
*Тел: (032) 22 66 00 Факс: (032) 22 66 01*
*Вебстрана: www.stip.gov.mk е-пошта: gradonacalnik@stip.gov.mk*

ЈАВНАТА ПРЕЗЕНТАЦИЈА ќе трае 30 дена од денот на објавувањето на Соопштението и тоа од 16 јули 2025 (среда) до 14 август 2025 год (четврток). ЈАВНАТА АНКЕТА ќе се одржи на ден 23 јули (среда) 2025 година во 13:00 часот во просториите на Сала 2 на општина Штип.

Член 4

Учесниците во стручната расправа можат да ги достават своите забелешки најдоцна во рок од 15 дена од одржувањето на стручната расправа.

Учесниците во јавната анкета можат своите забелешки и предлози по нацрт планот да ги доставуваат на донеувачот во писмена форма преку анкетни листови, преку информацискиот систем е-урбанизам, како и по електронски пат преку информацискиот систем на е-урбанизам.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување.

**ОПШТИНА ШТИП**
Градоначалник
Иван Јорданов